# ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВЈЕ СПРОВЕДЕНА ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН ВО ПРВО ПОЛУГОДИЕ 2017 ГОДИНА

Во првото полугодие 2017 година, Центарот за јавно здравје Скопје и понатаму продолжи со промоција на здравјето на населението во Скопскиот регион.

Промоцијата на здравјето се спроведуваше согласно Националната годишна програма за јавно здравје на Р. Македонија за 2017 година, како и согласно Годишниот План за работа на Одделението за социјална медицина.

Се спроведуваше здравствена едукација на сите популациони групи со одржување на предавања, трибини, работилници, индивидуални и групни едукации на населението.

Беа посетени 12 основни училишта и 6 подрачни основни училишта, 5 средни училишта, две детски градинки и сите нивни пунктови/објекти.

Едукациите се спроведуваа и во Центарот за јавно здравје Скопје во Советувалиштето за откажување од пушење и во Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје.

Исто така, здравствена едукација на вработените работници се спроведуваше во ЦЈЗС преку организирање и спроведување на Обуки за основни знаења за безбедност на храната.

Доктори специјалисти, Дипл. Педагог и Дипломирани Социјални работници вработени во одделението за Социјална медицина учествува на едукативни обуки, работилници и други семинари.

Начелно, во Скопскиот регион едукациите во *основните училишта* беа реализирани со 244 предавања, во *средните училишта*, исто така, со 244 едукации, беа опфатени 30 *стари лица*, додека во *предучилишните установи* беа одржани 16 предавања.

Во *Советувалиштето за откажување од пушење* при Центарот за јавно здравје Скопје, беа одржани 7 групни предавања и 2 индивидуални едукации.

Во *Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје* беа советувани 101 ученик од средното образование.

Во Одделението за Социјална медицина беа одржани 126 предавања за основни знаења за безбедност на храната на лица кои ги посетуваат Обуките за безбедност на храната во кои учествуваат и стручни кадри од другите одделенија од Центарот за јавно здравје Скопје.

## I Здравствена едукација на предучилишни деца

Во општините Карпош и Бутел се посетени јавните детски установи за згрижување на предучилишни деца со опфат на 716 деца со одржани 16 предавања на темите Лична хигиена и Здрави училишни оброци. Предавањата беа одржани во ЈДГ ,,Пролет’’ и ЈДГ ,,11 Октомври’’.



**ЈДГ ,,ПРОЛЕТ”, ОПШТИНА КАРПОШ**



**ЈДГ ,,11 ОКТОМВРИ” ОПШТИНА БУТЕЛ**

## II Здравствена едукација на ученици во основните училишта

Во основните училишта беа одржани вкупно 244 предавања со опфат на 4221 ученик. Предавањата беа одржани во општините: Чаир, Сопиште, Центар, Сарај, Зелениково, Студеничани, Гази Баба, Арачиново и Чучер Сандево, во следните училишта:

- О.У. ,,Никола Вапцаров”
- О.У. ,,Драга Стојановска”
- О.У. ,,Коле Неделковски”
- О.У. ,,Лирија”
- О.У. ,,Александар Урдаревски”
- О.У. ,,Крсте Мисирков”
- О.У.,, Бајрам Шабани” село Грушино
- О.У. ПЕ ,,Ибе Паликуќа” село Бојане
- О.У. ПЕ,,Ибе Паликуќа” село Ласкарци
- О.У. ПЕ ,,Емин Дураку” село Букович
- О.У. ПЕ ,,Емин Дураку” село Арнакија,
- О.У. ПЕ ,,Емин Дураку” село Чајлане
- О.У. ПЕ ,,Емин Дураку” село Раовиќ
- О.У. ,,Марко Цепенков”
- О.У. ПЕ,,Марко Цепенков” село Смесница
- О.У. ПЕ,,Марко Цепенков” село Страхојадица
- О.У.,,Наим Фрашери” село Морани
- О.У.,,Дане Крапчев”



**О.У. ,,ДРАГА СТОЈАНОВСКА” СЕЛО РАКОТИНЦИ, ОПШТИНА СОПИШТЕ**



**О.У. ,,КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ” ОПШТИНА ЦЕНТАР**



**О.У. „НИКОЛА ВАПЦАРОВ” ОПШТИНА ЧАИР**



**О.У „БАЈРАМ ШАБАНИ” ОПШТИНА АРАЧИНОВО**

Во споменатите училишта предавањата беа одржани  на следните теми:

- Лична хигиена
- Превенција од небезбедна вода за пиење
- Исхрана – Здрави училишни оброци
- Здравствен бенефит од редовни физички активности
- Болести на зависност (Алкохолизам, Наркоманија и Пушење)
- Социјално – медицински аспекти на пушењето

## III Здравствена едукација на ученици во средните училишта

Во првото полугодие од 2017 година, Одделението за социјална медицина започна со реализација на активностите за промоција на здравјето во средните училишта.

За таа цел во првото полугодие од 2017 беа посетени  следните средни училишта: СУГС ,,Орце Николов" и ДСУГС ,,Лазар Танев" во општина Карпош, ДСУГС ,,Кочо Рацин" во општина Ѓорче Петров и СУГС ,,Корчагин" во општина Центар.

Во споменатите училишта беа одржани 244 предавања со опфат на 2980 ученици.

Предавањата беа одржани на следните теми:

- Здрави училишни оброци
- Сексуално-преносливи инфекции  и
- СИДА




**СУГС ,,ОРЦЕ НИКОЛОВ" ОПШТИНА КАРПОШ**



**СУГС ,,КОЧО РАЦИН" ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**




**СУГС ,,ЛАЗАР ТАНЕВ” ОПШТИНА КАРПОШ**

## IV Одржани трибини во основните и средните училишта

Во првиот квартал од 2017 година беа одржани 9 трибини во општините Ѓорче Петров, Карпош, Сопиште и Сарај во следните училишта:

- ДСУГС ,,Орце Николов “
- ДСУГС ,,Кочо Рацин “
- О.У. ,,Драга Стојановска”
- О.У. ,,Коле Неделковски”
- О.У.,,Емин Дураку”

Беа одржани предавања со интерактивно учество на учениците на следните теми:

- Сексуално-преносливи инфекции (3)

-Сида (1)

- Здравствени ризици од неправилна исхрана (1)

- Болести на зависност (2)

- Лична хигиена (1)

- Пушењето и младите (1)

На предавањата се користеа здравствено-воспитни средства (брошури и флаери) изготвени од Отсекот за промоција на здравјето како и пропаганден материјал од Институтот за јавно здравје на РМ.

## V Во состав на Одделението за Социјална медицина функционираат две Советувалишта :

-Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје и

-Советувалиште за откажување од пушење.

## Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје

Во првото полугодие од 2017 година во Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје беа одржани 4 предавања на следните теми:

- Сида(2)
- Сексуално преносливи инфекции (2)

Со активностите од Советувалиштето беа опфатени 101 ученик. Сите ученици пополнија анкетни прашалници на кои понатаму се изврши евалуација. Поради интерес на учениците беа дадени вкупно 109 совети од споменатата област. Исто така, беа поделени 180 брошури и флаери.

## Советувалиште за откажување од пушење

Во првата половина од 2017 година, од клиентите кои ја посетиле Обуката за основни знања за бебедност на храната, беа анкетирани 66 лица со Анкетен прашалник за откажување од пушење. Групната едукација се спроведуваше инерактивно за пушењето како ризик фактор за појава на хронични незаразни болести. За таа цел беа одржани 7 предавања. Во однос на индивидуалните едукации, Советувалиштето  беше посетено од двајца клиенти.

Исто така, клиентите беа поканети да го посетат Советувалиштето за откажување од пушење, да донесат самостојна одлука за започнување со откажување од пушење со помош на индивидуална едукација и третман со метод кој го спроведува тим од лекар и медицинска сестра.

## VI Здравствена едукација на работници

### Обуки за основни знаења за безбедност на храната

Центарот за јавно здравје Скопје континуирано и во 2017 година продолжи со одржување на Обуките за основни знаења за безбедност на храната, и за таа цел беа одржани 126 предавања на 78 клиенти како во ЦЈЗСк и исто така вон ЦЈЗСк. Едукативните предавања беа одржани од специјалисти по социјална медицина, специјалист по хигиена и здравствена екологија, специјалист по епидемиологија, доктори по општа медицина.

## VII Превенција и унапредување на здравјето на стари лица

Во општина Гази Баба во ПСУ –Дом за стари лица ,,Руски” стручно лице од ЦЈЗСк одржа предавање на тема ,,Унапредување на здравјето на стари лица”. На предавањето присуствуваа 30 стари лица .



**ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА „РУСКИ”, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

## VIII Здравствена едукација на вработените во Одделнието за Социјална медицина

1. **Состанок и обука за запознавање, воспоставување и водење на здравствени регистери, поточно “Регистер за шеќерна болест”,** одржан на 26 Јануари, 2017 година, во просториите на *Управата за електронско здравство*.

**2. Работилница за подготовка на Национален акциски план за здраво стареење до 2025 година**, одржан на 13-15 Март 2017 година во хотел “Белведере”- Охрид, во организација на *Министерство за здравство и Светска здравствена организација*.

**3. Развивање на акциски планови за сексуално и репродуктивно здравје,** одржан на 29-30 Март, 2017 година во хотел Сириус, Струмица, во организација на *Министерство за здравство* во соработка со *УНФПА-Фонд на население на Обединети нации и НВО ХЕРА*.



**4. Развивање на Акциски план за сексуално и репродуктивно здравје**, одржан на 10-12 Април, 2017 година хотел Тино- Охрид во организација на *Министерство за здравство* во соработка со *УНФПА- Фонд на население на Обединети нации и НВО ХЕРА*.

**5. Работен состанок за Дефинирање на Образец за преглед за рана детекција на рак на грло на матка, кој ќе ги поврзе трите сегменти (упат за ПАП тест, извештај од тестот и хистопатолошкиот наод) во еден,** одржан на 20 Април, 2017 година во хотел Романтик, Велес во организација на *Министерство за здравство* во соработка со *Управата за електронско здравство и Фонд на население на Обединети нации*.

**6. Работилница за проценка на здравствен информативен систем (ЗИС) и насоки за подготовка на Национална стратегија за здравствен информативен систем**, одржан на 16-17 Мај, 2017 во ТЦЦ Гранд Плаза- Скопје, во организација на *Министерсво за здравство и Светска здравствена организација*.

**7. Сертифицирана програма за едукација на македонските доктори за третман на зависност од тутун**, одржан на 19-20 Мај, 2017 Медицински факултет- Скопје, во организација на *Медицински факултет- Скопје* во соработка со *Здравствениот систем на Хенри Форд, Детроит, Мичиген, САД*.

## IX Постиран едукативен материјал на веб страната на Центар за јавно здравје Скопје

Во согласност со Националната годишна програма одбележени се следните светски денови или недели и постиран е едукативен материјал:

- 4-февруари 2017 година, Светски ден за борба со ракот

- Ментално здравје во Европа – промоворињe на еднакви можности и учество во општественииот живот
- 7 април 2017 година, Светски ден на здравјето на тема Депресија:ајде да разговараме
- 31 мај 2017 година, Тутунот, заболеноста и смртноста
- 14 јуни 2017 година, Светски ден на крводарителството на тема: Што можеш да сториш? Дарувај крв, дарувај сега, дарувај често.
- СЗО Повика на глобална акција за намалување на потрошувачката и влијанието на засладени пијалоци.

## X Изготвен едукативен материјал

Во првото полугодие од 2017 година во Отсекот за промоција на здравјето се изготвени две Брошури на следните теми:

1. Унапредување на здравјето на стари лица
2. Пушењето и здравствените работници

11.09.2017,Скопје

---

Изготвил: Прим. д-р сци. Персида Малинска, Шеф на отсек, Специјалист по социјална медицина со организација и економика на здравствена заштита